Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**
Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**
Sektori i arsimit të mesëm, arsim të të rriturve dhe mësim gjatë gjithë jetës

Бр.. 13-12353/2
Датум 19 NOV 2024

**До:**
Ангел Димитриевски
Здружение за едукативен развој Еквалис Скопје
ул. Васил Главинов 3/3-5 Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Известување

Почитувани,

Во однос на Вашата Предлог-иницијатива за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година со наслов „Програма за служење на заедницата", Министерството за образование и наука ги разгледа со внимание сите аспекти на предложената програма. Во предлогот се нагласува важноста на развивањето на солидарноста и општествената одговорност меѓу граѓаните, особено преку воведување општествено корисна работа како дел од образованиот процес. Сметаме дека предложените цели се значајни и усогласени со насоките што ги имплементираме во тековните образовни реформи.

Министерството за образование и наука Ве известува дека повеќето од целите и компонентите на Вашата иницијатива веќе се вклучени во рамките на тековните образовни реформи за средно образование. Според Предлог-Законот за средно образование, кој е во последна фаза на донесување, и Концепцијата за средно образование која е во фаза на изработка, предвидено е воведување на општествено корисни активности како составен дел на наставните планови и програми. Овие реформи ќе го поттикнат развојот на универзални вредности како емпатија, солидарност и граѓанска одговорност, особено кај учениците од гимназиското образование.


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

Воедно, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието веќе започнаа со имплементација на програма за учениците од седмо до деветo одделение, која вклучува активности за развој на емпатија, солидарност и граѓанска одговорност кај учениците, волонтерство и соработка со граѓански организации.

Во согласност со ова, Министерството за образование и наука е на мислење дека иницијативата „Програма за служење на заедницата" е нерелевантна, бидејќи се совпаѓа со тековните процеси на Министерството и Бирото за развој на образованието, за развој на образовни програми за ученички активности и учество во општествено корисна работа.

Министерството за образование и наука останува посветено на понатамошна соработка со Вашата организација, како и со сите други релевантни институции и партнери кои дејствуваат во областа на образованието и младинското учество, со цел вклучување на заинтересираните страни во рамките на новите програми за општествено корисни активности за учениците во гимназиското образование.

Со почит,

**МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**проф.д-р Весна Јаневска**

Подготвил: Мирјана Златанова
Контролирал: Sadete Ramadani Mora
Одобрил: Наталија Кижевска
Согласен: Државен секретар, Елена Ивановска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk